Арх.бр.09-28/1 од
14.02.2023 година
Врз основа на член 6, точка 2 и член 7 од Законот за инвестициски фондови (Сл. весник на РСМ бр.12/2009, бр. 67/2010, бр. 24/2011, бр. 188/2013, бр. 145/2015, бр. 23/2016, бр.31/2020, бр.150/2021 и 288/2021) и член 52 од Статутот на Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје (во понатамошен текст: Друштвото за управување), Одборот на директори на Друштвото за управување на ден 14.02.2023, донесе:

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА ЗА СМЕТКА НА ИНДИВИДУАЛЕН КЛИЕНТ-СОПСТВЕНИК НА ПОРТФОЛИО И ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

Овие Општи услови за вршење работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент-сопственик на портфолио и инвестиционо советување (во продолжение: Општи услови) ги одредуваат условите и меѓусебните права и обврски на работење на Клиентите и Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје (во понатамошен текст: Друштво за управување) при извршување на следните услуги:

-управување со средства за сметка на индивидуален клиент – сопственик на портфолио и
- инвестиционо советување на клиенти

Меѓусебните права и обврски помеѓу Друштво за управување и Клиентот при вршење на услугите управување со средства за сметка на индивидуален клиент – сопственик на портфолио и инвестиционо советување се уредуваат со Договор за вршење работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент – сопственик на портфолио, односно Договор за инвестиционо советување (во продолжение: Договор), со што Друштво за управување и Клиентот со Договорот можат да одредат и дополнителни права и обврски, надвор од претходно одредените обврски со Општите услови.

**член 2**

Иново Статус АД Скопје е Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, е основано на 22.06.2007 година, а запишано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија на 21.08.2007 година (по претходно добиено одобрение број 07-1562/6 од 08.08.2007 година издадено од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија), со седиште на ул. Орце Николов бр.20/1-3, 1000 Скопје, телефонски броеви: ++3892 3298674, 070226716, 070226741, е-маил адреса: info@innovostatus.com.mk и веб страна www.innovostatus.com.mk.

**член 3**

Друштвото за управување и Клиентот во Договорот ги внесуваат податоците, кои на Друштво за управување му се потребни за извршување на работите за управување со средства за сметка на индивидуален клиент, односно инвестиционо советување и водење на пропишаната евиденција. При давањето на податоците од страна на Клиентот од претходниот став, се смета дека е дадена согласност во смисла на важечкиот закон за чување на личните податоци и согласност за користење на истите од страна на Друштво за управување во согласност со важечката законска регулатива.

**член 4**

Клиентот гарантира за точноста и вистинитоста на сите податоци дадени на Друштво за управување и одговара за штетата настаната поради неточни, односно невистинити податоци. Друштво за управување ќе го отфрли склучувањето на Договорот, доколку Клиентот одбие да ги даде потребните податоци од претходниот член.

**член 5**

Согласно член 1, став 1, од овие Општи услови, Друштво за управување се обврзува услугите наведени во член 1 да ги извршува согласно важечките законски и подзаконски прописи кои го уредуваат управувањето со средства за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо

советување, прописите за девизно работење, прописите од областа на спречување на перење на пари.
Друштво за управување ги извршува услугите во врска со управување со средства за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советуавање со посебно стручно внимание и како добар стопанственик.
Податоците за состојбата и прометот на сметките на Клиентите и другите податоци, дејствија и околности, за кои дознава додека ги извршува услугите, Друштвото за управување ги чува според важечките прописи.
Клиентот и Друштво за управување се обврзуваат, сите податоци и информации кои произлегуваат од или се во врска со договорите направени врз основа на овие Општи услови, да ги чуваат како деловна тајна. Со исклучок некои од податоците можат да ги обелоденат пред надлежните институции во Р.С. Македонија, а во согласност со постоечката законска регулатива.

**член 6**

Друштво за управување при извршување на услугите наведени во Член 1, во целост внимава на интересите на Клиентот. Друштво за управување го известува Клиентот за расположливи јавни информации за хартиите од вредност, издавачот, состојбата на пазарот за хартии од вредност и со други за нејзе познати околности, како и за вложувањата и ризиците поврзани на истите, кои се важни за одлуката за Клиентот во врска со услугите и вложувањата во хартиите од вредност.
При вложувањето во финансиски инструменти Клиентот презема определени инвестициски ризици, со оглед на фактот дека вредноста на финансиските инструменти на пазарот на капитал секојдневно се менува т.е. вредноста на вложените средства може да расте или опаѓа и повратот на почетната вложена сума не е гарантиран.
Во согласност со избраната стратегија на инвестирање, инвеститорите ќе бидат изложени на ризици кои се карактеристични за инструментите во кои вложуваат. Инвестицискиот ризик претставува веројатност приносот од вложувањето во определен момент да биде помал од очекуваниот или негативен. Незадоволителен или негативен принос може да се појави како резултат на следниве ризици:

**Пазарен ризик**

Нето вредноста на портфолиото на клиентот зависи од движењето на пазарните цени на финансиските инструменти кои се составен дел на истото. Намалувањето на цената на финансиските инструменти може да доведе до намалување на вредноста на портфолиото и на остварените приноси и обратно, зголемувањето на цената на финансиските инструменти може да доведе до зголемување на вредноста на портфолиото и на неговите приноси. Овој вид на ризик има најголемо влијание врз вредноста на портфолиото кое е составено од акции. Со цел на заштита од пазарниот ризик, Друштвото за управување ќе се залага за негово минимизирање преку диверзифицирање на портфолиото на клиентот, согласно со принципот на дистрибуција на ризикот.

**Каматен ризик**

Промената на каматните стапки може позитивно или негативно да се одрази на вредноста на портфолиото, а особено портфолијата кои ќе бидат инвестирани во депозити во овластени банки во РСМ. Со цел намалување на овој ризик, Друштвото за управување паричните средства на клиентот ќе ги орочува на различен временски период до максимум една година.

**Кредитен ризик**

Кредитниот ризик претставува веројатност дека издавачот на одредена должничка хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги подмири своите обврски во моментот кога тие ќе доспеат. Неисполнувањето на обврските од страна на издавачите на должничките хартии од вредност би имало влијание на ликвидноста и би ја намалило вредноста на портфолиото на клиентот, особено при вложување во обврзници.

**Ликвидносен ризик**

Ликвидносен ризик претставува неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност, пред сé поради моменталната неповолна побарувачка на пазарот. Друштвото за управување ќе управува со ликвидносниот ризик преку вложување во ликвидни хартии од вредност на берзи.

**Валутен ризик**

Валутниот ризик претставува форма на ризик која се јавува при промената на цената на една валута во однос на друга. Клиентот во своето портфолио поседува хартии од вредност деноминирани во различни валути и можните промени на овие валути во однос на домашната валута може да доведат до зголемување или намалување на вредноста на уделите. Овој ризик Друштвото за управување ќе го редуцира со диверзифицирање на портфолиото во различни странски валути.

**Ризик од промена на даночните прописи**

Ризикот од промена на даночните прописи претставува веројатност дека законодавната власт, во Република Северна Македонија или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно би влијаел на приносот. Ризикот од промена на даночните прописи во целост е надвор од доменот на влијание на Друштвото за управување.

**Политички ризик**

Можноста од евентуални политички кризи во земјите во коишто се инвестирани средствата на клиентот, може да доведе до промена на вредноста на портфолиото. За да се заштити од овој ризик Друштвото за управување ќе инвестира на начин што ќе овозможи што помало изложување на пазарите на кои може да се очекува политичките кризи да имаат поголемо влијание.

**Ризик од друга договорна страна**

Ризик дека другата договорна страна нема да ги намири своите парични обврски врз основа на финансиски инструменти, пред или на датумот на порамнување. Со оглед на високата регулација и начинот на порамнување на трансакциите со финансиски инструменти, според принцип Испорака наспроти плаќање и Примање наспроти плаќање, овој ризик е минимизиран.

Друштвото за управување не може да му гарантира на Клиентот за добивката од хартиите од вредност и не одговара пред Клиентот или пред било кое трето лице за можната непосредна или посредна штета, обврска и/или загуба настаната како последица од извршувањето на Општите услови или договорите кои се склучени, освен во случаи кои се определени со Општите услови или со договорите. Исто така, Друштвото за управување не презема одговорност за последиците кои се резултат на одлуките на Клиентот во врска со договорите наведени во Општите услови и не презема одговорност за последиците кои се резултат од злоупотреба во врска со хартиите од вредност сторена од трети лица на Клиентот преку Друштвото за управување.

**член 7**

Друштвото за управување е должно да му предочи на Клиентот за можниот конфликт на интереси помеѓу Клиентот и Друштвото за управување, односно интересите на другите клиенти на Друштвото за управување, при што Друштвото за управување не издава доверливи информации и податоци кои се вбројуваат во деловна тајна. Друштвото за управување го организира своето работење на тој начин што обезбедува сведување на можниот конфликт на интереси помеѓу Клиентите, Друштвото за управување и вработените на Друштвото за управувањето на најниско можно ниво.

Во случај да дојде до конфликт на интереси на Клиентите со интересите на Друштвото за управувањето, Друштвото за управување може да го отфрли потпишувањето на Договорот.

**Член 8**

Коресподенција помеѓу Друштвото за управување и Клиентот, доколку условите и законските прописи тоа го дозволуваат, ќе се одвива по електронски пат, а во спротивно по писмен пат. На барање на Клиентот целокупната коресподенција може да се одвива и само по писмен пат. Со потпишување на овој Договор, Клиентот се согласува писмено да го извести Друштвото за управување за евентуални промени на личните податоци (во кои се содржат адресни податоци). Во спротивно, секоја достава од страна на Друштвото за управување до Клиентот се смета дека е уредно извршена на адресата наведена во овој Договор.

## НАДОМЕСТОК ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА НА СМЕТКА НА ИНДИВИДУАЛНИОТ КЛИЕНТ

**член 9**

Надоместоци за вршење на работи на управување со средствата на индивидуалниот клиент, кои паѓаат на товар на клиентот, а се утврдени согласно важечкиот Тарифник за висина на надоместоци за вршење на работи на управување со средствата за сметка на индивидуален клиент – сопственик на портфолио и инвестиционо советување на Друштвото за управување за управување со отворени и затворени инвестициски фондови **Иново Статус АД Скопје** (во понатамошен текст: Тарифникот), се:

**Влезна провизија -** провизија која се наплаќа на почетната вредност на портфолиото утврдена согласно Член 16 од овие Општи услови, согласно следната формула:

**Провизија на успех** – провизија која се наплаќа на вкупната добивка како разлика помеѓу вредноста на Портфолиото на денот на утврдување на добивката и на највисоката пресметана вредност на Портфолиото во претходниот пресметковен период, а во зависност од висината на вложување во согласност со Тарифникот, по следната формула:

ПУ = [ВП(t) – ВП(max)-ЗУС(max-t)+ЗИС(max-t)] x %ПУ

Провизија на успех – ПУ
Нето вредност на портфолио (крај на период) - $ВП_{(t)}$
Највисока пресметана нето-вредност на портфолиото – $ВП_{(max)}$
Збир на уплатени средства во периодот од ВП(max) до ВП(t) = ЗУС
Збир на исплатени средства во периодот од ВП(max) до ВП(t) = ЗИС

и се наплаќа месечно, за претходниот месец од паричните средства кои на денот на пресметката се наоѓаат во Портфолиото. Доколку на денот на пресметката нема доволно парични средства, надоместокот се наплатува со продажба на хартии од вредност на Портфолиото.

**Излезна провизија** – провизија која се наплаќа во случаи кога вкупната вредност на паричните средства на денот на исплата на истите на клиентот, односно на вкупната вредност на хартиите од вредност на денот на предавање (пренос) на истите на клиентот е поголема за 15% од вложените средства, независно од временскиот период на управување на средствата по следната формула:

**Управувачка провизија-** провизија која се наплаќа месечно, се плаќа секој месец до крајот на месецот што следи по месецот за кој доспева соодветниот дел од надоместокот или на денот на повлекувањето од страна на Клиентот на средствата што биле предвидени за управување од страна на Друштвото за управување. Управувачка провизија се утврдува врз основа на вредноста на портфолиото на крајот на соодветниот месец, на која се применува процентот утврден на годишно ниво, земајќи го предвид односот помеѓу бројот на денови во периодот и бројот на денови во годината.
Управувачката провизија се пресметува по следната формула: вредноста на портфолиото на клиентот x провизја x $\frac{1}{365}$ x број на денови во месецот за непрестапна година, или вредноста на портфолиото на клиентот x провизја x $\frac{1}{366}$ x број на денови во месецот за престапна година.

При секоја трансакција со финансиски инструменти, Друштвото за управување ќе ја пресметува и наплаќа вкупната цена која клиентот треба да ја плати во врска со таа трансакција. Вкупната

цена ги вклучува сите поврзани трошоци како што се надоместоци, провизии и такси на посредничка куќа (во земјата или во странство), банката чувар и/или депозитарна институција, Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Македонска берза АД Скопје и Комисијата за хартии од вредност согласно нивните тарифници како и други трошоци кои ќе произлезат од купопродажбата на имот во Портфолиото. Износот на овие надоместоци е во висина на стварните трошоци кои произлегуваат од трансакциите со финансиски инструменти.
Друштвото за управување ќе ги пресметува и наплаќа и трошоците за купување/продавање на валути, кога дел од вкупната цена за трансакцијата со финансиски инструменти е наведена или мора да се уплати/исплати во странска валута.
Даноците не се вклучени во надоместокот за извршување на услугите за Клиентот и се пресметуваат согласно важечкото законодавство.

**член 10**

Пред склучување на договор Друштвото за управување на Клиентот му дава копија од Општите услови. Општите услови и Тарифникот на Друштвото за управување се секогаш на увид на Клиентот и се објавени на видно и достапно место во секоја просторија, каде Друштвото за управување соработува со Клиентот.
За менување на Општите услови Друштвото за управување го известува Клиентот со објава на интернет страницата www.innovostatus.com.mk, преку испраќање на известување на начинот кој го одбрал клиентот и адресата која на назначил како и со објавување на видно место во просториите каде што се соработува со Клиентот. Доколку Клиентот пред извршување на следната транскација односно најдоцна до 15 дена од објавата не поднесе приговор, се смета дека се согласува со нивната содржина.
Доколку Клиентот даде приговор во определениот рок од претходниот став ќе се смета дека го откажал договорниот однос.
Рокот за откажување изнесува 15 дена од преземање на писмениот приговор на Клиентот.

**Член 11**

Ако со овие Општи услови, со договорот за управувањето со портфолио и/или договорот за инвестиционо советување или законските одредби не е определено поинаку, Клиентот самиот е одговорен за плаќањето на даноците, таксите и другите јавни давачки поврзани со управување со портфолио и/или инвестиционо советување.

**член 12**

Времето на траење на договорениот однос Друштвото за управување и Клиентот го одредуваат со договор

## УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА ЗА ИНДИВИДУАЛЕН КЛИЕНТ

**член 13**

Управувањето со портфолио претставува управување со хартии од вредност, како и со парични средства на клиентот и нивно вложување во хартии од вредност врз основа на претходно склучен договор со индивидуалниот клиент. Притоа, Друштвото за управување ги инвестира паричните средства на Клиентот во хартии од вредност или ги превзема под управување хартиите од вредност сопственост на Клиентот, и да управува со портфолиото во согласност со договорената политика на вложување и со цел диверзификација на ризикот, а за истото наплатува провизија.

**член 14**

Пред склучување на договорот за управување, Друштвото за управување прави идентификација на Клиентот и ги обезбедува неговите податоци во согласност со член 2 од овие Општи услови. Таквите податоци содржат информации за инвестициските цели на клиентот, неговата финансиска состојба, знаење и искуство во областа на инвестициите, со цел да се обезбеди точност, комплетност и навременост на прибраните податоци за клиентот при вршење на работите на управување со средства (портфолио) по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување.
Договорот за управување се потпишува во писмен облик. Во договорот Друштвото за управување и Клиентот ги определуваат и следниве точки:

- износот на парични средства односно видот и количината на хартии од вредност, кои Клиентот ги дава во управување;
- политиката на вложување на Клиентот;

- висината на надоместокот за вршење работи на управување со средтвста и начин на пресметка на истиот,

- изјава на Клиентот во која наведува дека ги разбира условите и преземените ризици од инволвираноста во тргувањето со финансиските инструменти,

- други одредби согласно законските и подзаконските прописи.

**член 15**

Друштвото за управување и Клиентот ја одредуваат политиката на вложување така што определуваат

- вид на вложувања согласно Член 66 од Законот за инвестициски фондови и член 31 од Правилникот за начинот на вршење на работите на управување со средства (портфолио) по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување и за хартиите од вредност и другите финансиски инструменти во кои може да се вложуваат средствата на клиентот;

- други околности, кои се важни за одредување на степенот на ризик на налозите;

Врз основа на информацијата од член 5 од Општите услови, Клиентот самостојно ја донесува одлуката за политиката на вложување, додека Друштвото за управување не презема никаква одговорност за последиците од оваа одлука на Клиентот.

Клиентот исто така може да одреди политика на вложување на тој начин што одлуката за нејзино формирање би го препуштила на процена на Друштвото за управување. Во овој случај Друштвото за управување е должно политиката на вложување да ја формира на начин за кој мисли дека најдобро ќе одговара на интересите на Клиентот. Вложувањата во хартии од вредност се ризични, за што Клиентот мора да биде свесен и да ги прифати ризиците, како што е наведено во член 5 од Општите услови, а ова е причината поради која Друштвото за управување не гарантира приход од управувањето. За таа цел, Друштвото за управување на Клиентот му дава Општ приказ на карактеристиките на финансиските инструменти и ризиците поврзани со нив.

**член 16**

Друштвото за управување не ја сноси одговорноста во случај кога Клиентот покрај хартиите од вредност што ги поседува со Портфолиото кое е управувано од Друштвото за управување, поседува хартии од вредност во портфолија водени од други посредници на пазарот на капитал или поседува други хартиите од вредност како резултат на индивидуално купување на Клиентот, а кој за истите хартиите од вредност не го известил писмено Друштвото за управување и со тоа без негово предходно знаење на Друштвото за управување е надминат лимитот за поседување на акции за кои е потребно да се спроведе процедура согласно со Законот за превземање на акционерските друштва, Законот за Банки или други закони.

**член 17**

Друштвото за управување на Клиентот му испраќа Извештај со Пресметка на вредноста на Портфолиото, Пресметка на надоместоците и Листа на извршените трансакции во изминатиот период.

Датумот и фреквенцијата на известување на Клиентот се наведува во Договорот за управување со портфолио.

Известувањата се испраќаат на адресата наведена во Договорот.

## ИЗНОС НА СРЕДСТВА ВО ПОРТФОЛИО

**член 18**

Портфолиото на Клиентот го сочинуваат предадените парични средства и хартии од вредност на управување. Почетната вредност на портфолиото на Клиентот се одредува како збир од уплатените парични средства на Клиентот на денот на првичната уплата и предадените хартии од вредност.

Почетното портфолио на Клиентот врз основа на Договор го утврдува Друштвото за управување и во рок од два работни дена по префрлување на Договорените парични средства и хартии од вредност на Клиентот се издава пресметка за почетната вредност на портфолиото само доколку во портфолиото се внесуваат хартии од вредност.

Тековната вредност на портфолиото на Клиентот се утврдува секојдневно. Друштвото за управување ја пресметува вкупната вредност на портфолиото со кое управува и ги утврдува сите надоместоци на Клиентот. Нето вредноста на портфолиото претставува разлика меѓу вкупната вредност и вредноста на надоместоците. Вредноста на портфолиото на денот на пресметката претставува збир на

вредноста на сите видови средства кои со Законот за инвестициски фондови и Правилникот за начинот на вршење на работите на управување со средства (портфолио) по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување и за хартиите од вредност и другите финансиски инструменти во кои може да се вложуваат средствата на клиентот се пропишани како дозволени вложувања.

Вредноста на портфолиото се пресметува врз основа на пазарните вредности на хартиите од вредност, уделите од отворени инвестициски фондови, депозитите во овластените банки и другите финансиски инструменти кои го сочинуваат истото.

Притоа, за сопственичките и долгорочни должнички хартии од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија, за објективна вредност на денот на пресметката се смета официјалната дневна просечна цена на определена хартија од вредност постигната на регулиран пазар.

За цена на уделите во инвестициските фондови се зема последната цена која е официјално објавена од страна на Друштвото за управување за управување со инвестициски фондови.

Вкупната вредност на орочените депозити се пресметува согласно каматните стапки на банката со примена на претходно утврдена метода за пресметување на камата.

За сопственичките хартии од вредност во странство, објективната вредност се дефинира врз основа на цената на последната реализирана трансакција со тие хартии од вредност остварена тој ден на матичната берза на издавачот или берзата која е дефинирана како примарен извор на цената на предметната хартија од вредност, а цената е официјално котирана/ регистрирана на финансиски - информациски сервис.

За должничките хартии од вредност со кои се тргува во странство на пазарите од овој став, објективната вредност се пресметува по цена на последната реализирана трансакција со тие хартии од вредност официјално котирана/регистрирана (објавена) на финансиски - информациски сервис.

**член 19**

Доколку Клиентот ја зголемува вредноста на портфолиото со префрлување на паричните средства односно со префрлување на хартиите од вредност во сопственото портфолио, новата вредност на портфолиото се утврдува, така што се почитува последната пресметковна вредност на портфолиото на Клиентот пред зголемувањето, зголемена за сумата од парични средства и префрлените хартии од вредност, кои се вреднуваат во согласност со претходниот член. Друштвото за управување прави пресметка за новата вредност на Портфолиото.

**член 20**

Доколку Клиентот ја намалува вредноста на портфолиото, така што Друштвото за управување според негов налог ги продава хартиите од вредност од портфолиото и ги префрла средствата во денари на сметката на Клиентот или му ги предава хартите од вредност од портфолиото, новата вредност на портфолиото се утврдува така што се почитува последната пресметковна вредност на портфолиото на Клиентот пред намалувањето намалена за сумата од паричните исплаќања или предадените хартии од вредност, кои се вреднуваат во согласност со член 16 од наведениве Општи услови. Друштвото за управување прави пресметка за новата вредност на Портфолиото.

**член 21**

Во случај на откажување на Договорот, Портфолиото на Клиентот се ликвидира така што Друштвото за управување на Клиентот му ги предава сите хартии од вредност на неговата обична сметка во ЦДХВ или на сметка во странски депозитар во случај на хартии од вредност во странство, односно хартиите од вредност се продаваат и паричните средства добиени од продажбата се префрлаат на сметка на Клиентот.

**член 22**

Доколку Клиентот не ги измири настанатите обврски кон Друштвото за управување, истото има право со еднострана изјава за измирување да ги измири своите барања од Клиентот, односно Друштвото за управување за исполнување на своите барања кон Клиентот има право врз неговите хартии од вредност во управување, да може да го реализира во согласност со прописите и да се исплати од сумата добиена со продажбата на хартиите од вредност.

**член 23**

Домашните хартии од вредност, кои се предмет на управување, се водат на посебна сметка на Клиентот во ЦДХВ. Кога се работи за хартии од вредност во странство се водат на сметка во странски депозитар.

## ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

**член 24**

Услугите на инвестиционото советување опфаќаат давање на лични препораки на клиентот по негово барање или на иницијатива на Друштвото за управување во однос на една или повеќе трансакции кои се однесуваат на финансиски инструменти.

Лична препорака е препорака дадена на лице во својство на вложувач или потенцијален вложувач и со неа се препорачува преземање на една од следните активности:

- купување, продажба, запишување, замена, откуп, чување или покровителство на одреден финансиски инструмент
- извршување или неизвршување на било кое право кое произлегува од одреден финансиски инструмент за купување, продажба, запишување, замена или откуп на финансискиот инструмент.

Врз основа на инвестиционото советување Клиентот самостојно донесува одлука за вложување на средствата во негова сопственост. Вложувањата во хартии од вредност се ризични, затоа Клиентот мора да е свесен и треба да го прифати ризикот, како што е наведено во член 5 од овие Општи услови. Затоа Клиентот и покрај инвестиционото советување кое го нуди Друштвото за управување, при продажба на хартијата од вредност за чие купување се одлучил врз основа на инвестиционото советување, може да биде продадена по пониска цена од онаа која ја платил при купувањето.

Надоместоците за вршење на Услугите на инвестиционото советување, кои паѓаат на товар на клиентот се утврдени согласно важечкиот Тарифник за висина на надоместоци за вршење на работи за управување со средствата за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување.

Извршните директори на Друштвото за управување во согласност со работната политика може со одлука за одредени случаи да ги намалат надоместоцитете од Тарифникот на Друштвото за управување.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**член 25**

Евентуалните спорови од Договорните односи, кои се темелат врз овие Општи услови, Клиентот и Друштвото за управување ќе ги решаваат спогодбено.

Доколку спогодбено не го решат спорот договорните страни истиот ќе го решаваат пред надлежниот суд во Скопје.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 26**

Доколку некоја од овие одредби е спротивна на важечките законски и подзаконски прописи, ќе се применуваат законските и подзаконските прописи.

**член 27**

Во случај на промена на соодветните прописи и/или одлуки на било кој орган на власта, односно орган со јавни овластувања, кои влијаат на исполнувањето на обврските на Друштвото за управување според овие или во врска со овие Општи услови (во продолжение: промена на прописи), Друштвото за управување според сопствена проценка и одлука има право:

- да ги промени, односно дополни овие Општи услови
- да го откаже наведениот Договор во случај на несогласување на Клиентот со тие промени.

**член 28**

Друштвото за управување сите промени, односно дополнувања на овие Општи услови ги објавува на својата интернет страница, при што промените, односно дополнувањата на Клиентите им се на располагање за увид и во канцеларијата на Друштвото за управување.

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Ивелина Иванова**